РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-254/3
17.10.2018 год.
СКОПЈЕ

БАС
Бизнис Академија Смилевски

Врз основа на член 173 и 175 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 82/18) Наставничкиот совет на БАС, на редовната 140 - та седница одржана на 17.10.2018 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за избор на наставник во наставно звање

**Член 1**

Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, **м-р Билјана Галовска,** од Битола, да се избере во наставно звање **предавач на висока стручна школа** за наставната област **Организациско однесување и комуницирање**.

**Член 2**

Изборот во звање е за време од 5 (пет) години.

**Член 3**

Одлуката влегува на сила од денот на донесувањето.

***Образложение***

Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје распиша Конкурс за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за наставната област Организациско однесување и комуницирање, кој го објави во дневниот весник „Нова Македонија" на ден 06.07.2018 година.

На Конкурсот се пријави кандидатот м-р Билјана Галовска.

Наставничкиот совет на Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје на својата редовна 135 седница одржана на 13.07.2018 година формираше рецензиона комисија за изготвување на реферат и оценка за избор на наставник во наставно звање со постојан работен однос за наставната област Стратегиски менаџмент, со одлука бр. 0205-214/4-2, во состав: проф. д-р Гордана Тасевска, вон. проф. д-р Кристина Крстеска и виш пред. д-р Даниела Карадаков.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за наставната област Организациско однесување и

комуницирање, кој беше објавен на интернет страницата на Академијата на ден 01.10.2018 година, под дел. бр. 0401-94/7 од 01.10.2018 година.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Наставничкиот совет на БАС, м-р Билјана Галовска да ја избере во наставно звање предавач на висока стручна школа за наставната област Организациско однесување и комуницирање.

Врз основа на тоа, Наставничкиот совет на редовната 140 седница одржана на 17.10.2018 година со едногласно ја донесе оваа одлука.

**Директор на БАС**

**Виш пред. д-р Даниела Карадаков**

Одлуката да се достави до:

- Кандидатот;
- Досието на кандидатот;
- Архивата на БАС